REACTOR
research in action

# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2021 ГОДИНА

## ВОВЕД

Реактор – Истражување во акција (понатамс: Реактор) е независна непрофитна истражувачка организација [think-tank] со седиште во Скопје, Република Северна Македонија, посветена на на зајакнување на евро-интеграциските процеси на државата преку обезбедување на релевантни истражувања и алтернативни политики базирани на факти и активно работење со заедницата. Главните тематски области на делување на Реактор се родова еднаквост, млади и урбан развој и граѓанско учество.

Сите активности на Реактор се инспирирани од визијата за родово, социјално и еколошки праведни општества, на национално и глобално ниво, во кои сите луѓе, без разлика на нивната различност, можат да живеат слободен и достоинствен живот и активно да учествуваат во градење на праведно и одржливо општество.

Главниот фокус и основа на работата на Реактор се истражувањата. Земајќи го предвид недостатокот на расположливи (или недоволно обработени) податоци во процесите на креирање политики на локално, национално и регионално ниво, една од главните стратешки цели на Реактор отсекогаш била обезбедување на релевантни, навремени и темелно истражени податоци со цел информирање на политичките процеси и клучните засегнати страни во рамки на тематските области на делување на организацијата, но и пошироко. Главната дејност на Реактор подразбира обезбедување навремени и релевантни истражувања, предлози за алтернативни политики засновани на податоци и истражувања, како и активно застапување и соработка со заедницата, граѓанските организации, академските институции и политичките актери. Преку истражувања, застапување, поттикнување на дебати и дискусии за прашања што се релевантни за македонските граѓанки и граѓани, Реактор дава свој придонес кон процесите на креирање на политики на локално, национално и регионално ниво и ја следи нивната имплементација.

Влијанието на работата на Реактор уште повеќе се зголемува во соработка и со поддршка на меѓународната заедница; затоа Реактор негува партнерство со клучните актери во земјата и регионот. Реактор редовно се ангажира и ја следи работата на телата и институциите на ЕУ, а се труди да ги користи и можностите што произлегуваат од процесите на ревизија на ОН, како и да обезбедува податоци и совети за амбасадите и меѓународните организации. На овој начин, дополнително се обидуваме да. влијаеме на домашната политика и да ги брзаме и помогнеме процесите за развој на општеството, преку промовирање и поттикнување на граѓанското учество, почитување на човековите права, еднаквоста и владеењето на правото. ЕУ и Сида се најголемите донатори во земјата кои нудат поддршка на ова поле, а младите и жените претставуваат посебен фокус на водечките иницијативи на ЕУ и Сида и во нивните напори да стимулираат паметен, инклузивен и одржлив раст. Областите на работа на Реактор

се препознаени и во дел од нивните стратешки документи, како на пример во стратешките документи за финансирање на земјата во рамките на ИПА механизмите.

## ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ И ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ (ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ)

### РОДОВА ЕДНАКВОСТ И ЧОВЕКОВИ ПРАВА

**ЕУ ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ЖЕНИТЕ**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ЈАНУАРИ 2021 - ДЕКЕМВРИ 2023

**ДОНАТОР:** ФОНДАЦИЈА KVINNA TILL KVINNA

Целта на овој проект е да се крене видливоста на женските права во процесот на пристапување кон ЕУ, како и да се зголеми партиципацијата на женските организации на сите нивоа на јавните политики. Проектот има за цел да придонесе кон подобрување на животите на жените и мажите, девојчињата и момчињата преку унапредување на родовата еднаквост во процесот на пристапување во ЕУ, застапување за подобри и родово информирани политики, како и поуспешна и поефикасна имплементација на националното законодавство и стратешки документи поврзани со родовата еднаквост и правата на жените

Во рамките на проектот, во 2021 година бе остварени неколку иницијативи поврзани со застапување пред ЕУ и национални институции, мрежно работење и обуки на вработените кои се дел од тимот на Реактор, како и виртуелна (онлајн) студиска посета на Брисел со цел подготовка и тренинг на претставници од женски организации од Западниот Балкан за унапредување и продолжување на застапувачките активности и лобирањето пред различни чинители и засегнати страни од Е. Во таа насока, беа реализирани виртуелни средби со претставници од повеќе ЕУ институции, меѓу кои и Европскиот Парламент, Европскиот оддел за надворешни активности (European External Action) и Генералниот Директорат за соседски политики и проширување (DG NEAR). Дополнително, беше доставен и коментар за Извештајот за напредокот на земјата за 2020 година до Европскиот Парламент и Генералниот Директорат, а беше подготвен и придонес за извештајот на ЕУ за напредокот на Р.С. Македонија за 2021 година, како и коментар на истиот извештај. Овие документи вклучуваа и редовни средби со засегнатите ЕУ страни, вклучително и консултации со Делегацијата на ЕУ и редовна комуникација со членките на Платформата за родова еднаквост, со кои Реактор редовно комуницира и за други дневно-политички збиднувања во рамки на областите на делување, но и во врска со следење и изработка на конкретни политики и стратешки документи. Па така, во 2021 година Реактор продолжи со активно учество во работните групи и стратешките средби за подготовка на клучни закони, како на пример Законот за родова еднаквост, Законот против дискриминација на работно место, а не изостана и застапување за Законот за работни односи, за кој, за жал, процесите заглавија во институционалните лавиринти и повторната промена на раководни структури во надлежните институции заради

промена на владејачките структури и локалните избори. Исто така, во рамки на проектот на почетокот на годината беше публикуван и претходно подготвениот Извештај во сенка за имплементацијата на националната стратегија за родова еднаквост за 2018-2019 година,, како и родова анализа на програмите на политичките партии и локалните избори што се одржаа есента 2021 година. За жал, новата Национална стратегија за родова еднаквост за 2021- 2025 година не беше на време усвоена, па планираното отпочнување на процесите за подготовка на извештајот за нејзиното имплементирање не беше остварено. Сепак, Реактор активно учествуваше во сите процеси и консултации што се случија во 2021 година поврзани со оваа стратегија и даде свој придонес и коментари при финализирањето на истата и неформално и формално на отворената пленарна седница на Комисијата за еднакви можности што се случи во септември 2021 година. Во рамки на овој проект беа остварени и многу други активности во насока на споменатите цели и во синергија со други проектни активности опишани подолу и во интерим извештаите што Реактор уредно ги поднесува според договорените периоди и буџети.

**УНАПРЕДУВАЊЕ НА РОДОВАТА ЕДНАКВОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** МАРТ 2020 - ФЕВРУАРИ 2024

**ДОНАТОР:** *EUROPEAN COMMISSION, SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY*

Овој проект се надоврзува на активностите од мрежата на Квина тил Квина и претходно споменатиот проект и понатаму ги надградува напорите за зајакнување на регионалната соработка на женските граѓански организации, истражување и родови анализи за информирање на политики, застапување засновано на докази и мониторинг на реформите поврзани со пристапувањето во ЕУ, насочени кон унапредување на родовата еднаквост во регионот на Западен Балкан во процесот на пристапување во ЕУ.

Главната цел на овој четиригодишен проект што го води Реактор е зајакнување и проширување на постојната регионална соработка, зајакнување на партиципативните демократии и остварување на инклузивен родово-сензитивен процес за пристапување кон ЕУ. Кон оваа поширока цел, специфичните цели на проектот вклучуваат:

- Зајакнување на капацитетите на женските граѓански организации за ефективна соработка со владите, делегациите и канцеларијата на ЕУ, локалните граѓански организации (ГО) и другите ГО во регионот, со што ќе се покрене свеста на сите вклучени актери за родовите димензии на процесот на пристапување во ЕУ;
- Унапредување на отчетноста на владите и делегациите и канцеларијата на ЕУ во спроведувањето на обврските за родова еднаквост и правата на жените за време на процесот на пристапување во ЕУ.

Овој проект е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка (Сида), а партнерските организации за негова имплементација се:

- Република Северна Македонија: Реактор – Истражување во акција (водечка организација), Фондација Жена за жена (The Kvinna till Kvinna Foundation) - канцеларија во РСМ (партнерска организација)
- Косово: Мрежа на жени на Косово (партнерска организација)
- Албанија: Албанска мрежа за зајакнување на жените (AWEN) (партнерска организација)
- Босна и Херцеговина: Права за сите (партнерска организација)
- Црна Гора: Центар за женски права (партнерска организација)

Клучните активности во рамки на овој проект, што се случуваа и во текот на 2021 година се:

- Состаноци и настани за вмрежување и размена на искуства за регионалната мрежа на ЖГО, насочени кон зајакнување на нивното влијание во процесот на пристапување во ЕУ и проширување на постојната регионална мрежа на ЖГО;
- Градење на капацитети и подигање на свеста на различни граѓански организации за родовите аспекти на процесот на пристапување во ЕУ;
- Изработка на родови анализи за различни сектори на национално ниво, особено за сектори каде што недостасуваат такви анализи;
- Соработка со локалните ЖГО за следење и известување за спроведувањето на обврските за родова еднаквост од страна на владите;
- Следење и подготовка на извештаи за информирање и вклучување на родовата перспектива во Извештаите на ЕК за земјите, како и политичкиот дијалог во врска со пристапувањето во ЕУ; и
- Застапување за подобрена родова перспектива во процесот на пристапување во ЕУ на национално и регионално ниво.

Една од повидливите активности во рамки на овој проект - организирање на регионален форум за родовата перспектива во процесот на пристапување во ЕУ – планирана за 2021 година беше одложена за 2023 година заради две причини: пандемијата со Ковид-19 , но и заради стратешко прилагодување и усогласување со други сродни активности и актери во регионот и непреклопување на вакви големи настани во рамки на истиот период.

Во рамките на оваа регионална акција се предвидени повеќе публикации - дел од нив во синергија и со други проектни активности. Како пример за објавените публикации до крајот на 2021 година можат да послужат следните линкови:

⇒ Парламентарни избори 2020 од родова перспектива – Препораки за зајакнување на застапеноста на жените во Собранието на Црна Гора
⇒ „Пандемијата не препознава род" – Родова фискална буџетска анализа: Одговорот на Владата на Косово на пандемијата со Ковид 19 од родова перспектива
⇒ Застапеност на жените на раководните позиции во јавните претпријатија во Босна и Херцеговина – Родова анализа

- ⇒ Родово читање на извештајот на Европската Комисија за Косово 2021
- ⇒ Придонес кон процесот на консултации за развој на Националниот план за имплементација на ГАП III за Северна Македонија

**ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО БОРБАТА ПРОТИВ ДИСКРИМИНАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА РАБОТНИЧКИТЕ ПРАВА НА ЖЕНИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**: АВГУСТ 2018 – ДЕКЕМВРИ 2021/МАЈ 2022[1]

**ДОНАТОР**: EUROPEAN COMMISSION, SWEDISH INTERNATIONAL DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

Во моментов, повеќето земји од ЈИЕ имаат воспоставено законодавство против дискриминација, честопати усогласено со законодавството за родова еднаквост на ЕУ. Сепак, спроведувањето на законодавството против дискриминација останува слабо во целиот регион. Дополнително, мал број случаи на дискриминација се пријавени или адресирани од судовите. Како резултат, постои малку постоечка или достапна судска пракса поврзана со дискриминација. Клучна причина за отсуството на пријавени случаи е ниското знаење во врска со законодавството против дискриминација, неговото значење и примената кај релевантните институции. Ова ги вклучува и клучните засегнати страни (неколку од нив се поврзани субјекти) кои инаку би можеле да поддржат подигање на свеста и спроведување на законодавство против дискриминација, како што се Националните механизми за родова еднаквост, социјални партнери (на пр., синдикати), трудови инспекторати, државни служби за правна помош и граѓански организации (ГО). Овој проект има за цел да ги подобри капацитетите на овие целни групи да ја разберат дискриминацијата и да воспостават процедури и политики за подобро решавање на родовата дискриминација, особено во врска со работничките права на жените. Реактор е полноправен партнер на овој регионален проект што се спроведува во сите земји на Западен Балкан и во рамки на предвидените активности ја има главната улога при планирањето, поставувањето, спроведувањето и анализите и обработката на податоци од два брана истражувања што беа предвидени да се изведат во сите партнерски земји, а вториот се случи токму во 2021 година.

Повеќе информации за сработеното и темите поврзани со овој проект може да се најдат во следните **публикации:**

- ⇒ Платена и неплатена работа, родово-базирана дискриминација и работнички права во време на КОВИД-19
- ⇒ Родово-базирана дискриминација и работни односи во Северна Македонија
- ⇒ Родово-базирана дискриминација и работнички права во Северна Македонија (II)
- ⇒ Што треба да содржи новиот закон за работните односи?

[1] (Завршната конференција на проектот и придружните активности беа планирани за крајот на 2021 година, но заради пандемијата со Ковид-19 истите беа одложени за 2022 година, во договор со донаторот и по принцип на екстензија без финансиски импликации – *no cost extension*)

**МАЖИ И ГРИЖА (Men in Care/ MiC) - НАЈДОБРА ПРАКТИКА ЗА ПРОМОЦИЈА ЗА МАЖИ КОИ СЕ ГРИЖАТ СО ЦЕЛ ПОДОБРУВАЊЕ НА БАЛАНСОТ ПОМЕЃУ РАБОТНИОТ И ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** ДЕКЕМВРИ 2019 – МАЈ 2022[2]

**ДОНАТОР**: *AUSTRIAN FEDERAL MINISTRY OF SOCIAL AFFAIRS, HEALTH, CARE AND CONSUMER PROTECTION*

Мажите стануваат се повеќе ангажирани во грижата, бидејќи не само што сакаат и треба да обезбедат економски ресурси, туку и се грижат за другите. Сепак, низ цела Европа мажите наидуваат на бариери за вклучување во грижата, кои треба да се надминат.

Проектот „Грижлив маскулинитет во Северна Македонија" го спроведуваше Реактор, за потребите на Verein für Männer- und Geschlechterthemen Steiermark (Здружение за машки и родови прашања Стирија) (Грац, Австрија) со финансиска поддршка од австриското Сојузно министерство за социјални прашања, здравство, грижа и заштита на потрошувачите. Проектот претставува соработка со европскиот проекто Men in Care (MiC), проект на 26 национални партнери и поврзани организации од 7 различни европски земји (плус ETUC), кој има за цел да ги намали бариерите за мажите кои сакаат да се вклучат во активности за грижа. Олеснувањето на вклучувањето на мажите во грижата може да има позитивни ефекти врз индивидуите, врз луѓето во нивната блиска социјална средина, врз организациите и целото општество. Вработените со подобар баланс помеѓу работата и животот се позадоволни од својот живот, имаат посилни семејни односи, покажуваат поголема лојалност кон своите организации и развиваат повеќе компетенции. Акциите на MiC ќе покажат начини за намалување на родовата нееднаквост во политиките и практиките за рамнотежа помеѓу работата и животот со цел да се подобри благосостојбата на жените и мажите.

Повеќе информации за овој проект и за конкретните теми може да се најадат во националните извештаи, кои вклучуваат анализи на контекст, како и организациски анализи, на следниот линк.

**ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МУЛТИ-ПРОФЕСИОНАЛНА ПРЕВЕНЦИЈА НА РОДОВО ЗАСНОВАНО НАСИЛСТВО, РАБОТА СО СТОРИТЕЛИ ПРЕКУ ПРИСТАП ФОКУСИРАН НА БЕЗБЕДНОСТА НА ЖРТВИТЕ И СОВЕТУВАЊЕ НА МАЖИТЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** СЕПТЕМВРИ 2021 - НОЕМВРИ 2022

**ДОНАТОР:** *AUSTRIAN FEDERAL MINISTRY OF SOCIAL AFFAIRS, HEALTH, CARE AND CONSUMER PROTECTION*

Проектот се фокусира на детална анализа на состојбите и потребите од центри за советување на мажи во Република Северна Македонија, со фокус на родово заснованото насилство.

[2] (Завршната конференција на проектот и придружните активности беа планирани за 2021 година, но заради пандемијата со Ковид-19 истите беа одложени за 2022 година, во договор со донаторот и по принцип на екстензија без финансиски импликации – *no cost extension*)

Главната цел на истражувањето е преку мапирање на потребите и консултација со поширок круг на претставници на национални институции и релевантни чинители, како и анализа на состојбите преку постојни извештаи и објавени бази на податоци, да се оформат препораки кои ќе овозможат да се воспостави ефективна примарна превенција на родово базирано насилство, мулти-професионална поддршка и работа со сторителите преку пристап кој е фокусиран на безбедноста на жртвите, како и да се формираат центри за сеопфатна поддршка и советување на мажите за превенција на родово-базирано насилство, охрабрување на родова еднаквост и вклучување на мажите во доменот на грижа (родителство, партнерство итн.).

**КРАЈ ЗА МЕНСТРУАЛНА СИРОМАШТИЈА – ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА МЕНСТРУАЛНАТА СИРОМАШТИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ**: ЈУНИ 2020 - АВГУСТ 2021

**ДОНАТОР**: CIVICA MOBILITAS

Овој проект беше насочен кон унапредување на пристапот до средства за менструална хигиена на жените и девојките во Република Северна Македонија и адресирање на менструалната сиромаштија преку подигање на јавната свест и промени во политиките кои ќе доведат до социјално – инклузивно управување и унапредување на родовата еднаквост.

Проектот имаше за цел креирање на функционални механизми и мерки за пристап на жените и девојките до средства за менструална хигиена и отворање на јавна дебата за менструалната сиромаштија. Реактор беше партнерска институција на ТИИТ Инк., организација што беше главен спроведувач на овој проект, и имаше за цел да спроведе сеопфатно истражување поврзано со менструалната сиромаштија кое вклучуваше онлајн истражување со жени, девојки и момчиња, како и економска анализа за трошоците за менструални производи и можни препораки за справување со менструалната сиромаштија и унапредување на квалитетот на животот на жените и девојчињата. Повеќе за резултатите од овој проект може да се дознае во публикацијата што беше главен излезен елемент од работата на Реактор: Менструална правда – Сеопфатна студија

**НАЦИОНАЛНА ПЛАТФОРМА ЗА РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** континуирано

**ДОНАТОР:** АКТИВНОСТИТЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ НА ВОЛОНТЕРСКА ОСНОВА

Како резултат на проектот за Советот за родова еднаквост, во 2014 година беше формирана Платформата за родова еднаквост чија што работа и понатаму продолжи да ја координира Реактор. Целта на платформата е да ја подобри општата клима во земјава во делот на родова еднаквост, да овозможи зајакнато делување на женските организации, креирање на интерактивна дата база на знаење на темата на родова еднаквост и подигнување на јавната свест.

Во 2021 година, Платформата за родова еднаквост продолжи со активностите за поддршка на нејзините членки и здружено застапување и лобирање, во насока на зајакнување на соработката помеѓу невладиниот сектор и владините институции, како и следење на активностите и барање отчет од вторите. Активностите на платформата во 2021 година се

одвиваа со намален интензитет, но сепак беа спроведени низа ад хок активности и организациите членки се вклучија во различни иницијативи и застапувачки активности. Од позначајните, во 2021 година се издвојува изработката на првиот извештај во сенка за ГРЕВИО комитетот, согласно поднесувањето на првиот извештај за земјата пред овој комитет што треба да се случи во текот на 2022 година, кога е планирано да се заврши и нацрт-извештајот за ГРЕВИО подготвен од дел од членките на Платформата во јуни 2021 година, под координација на Хелсиншкиот комитет во Скопје, што е дел од нејзе. Дополнително, продолжи учеството на Платформата во дел од телата за родова еднаквост во релевантните министерства, па така и во 2021 година, Реактор делуваше како заменска-членка во Интер-ресорската група за родова еднаквост што ја координира Министерството за труд и социјални политики.

## Млади

Во текот на 2021 година, тимот на Реактор реализираше неколку иницијативи во однос на програмата за млади, како и ги адресираше проблемите на младите преку дел од своите проекти.

Преку **иницијативата „Млади во криза“,** која беше остварена во соработка со Младинскиот образовен форум, здружението ЗМАЈ, а со финансиска поддршка од Вестминстер фондацијата, беше реализирана анализа на кризните мерки преземени од страна на државните власти со специфичен фокус на младите. Иницијативата исто така вклучуваше дополнителни младински организации во креирањето на препораките за подобро справување со здравствената и економската криза предизвикана од Ковид-19. Во рамки на истата иницијатива беа спроведени 6 состаноци со надлежните министерства и министри (МТСП, МОН, заменик претседател на Владата на РСМ, советник за млади во кабинетот на премиерот и службеници за млади од министерство за култура). Истата иницијатива придонесе кон зацврстување на политиките за млади на национално ниво, како и инкорпорирање на препораките на иницијативата во стратешките цели на Владата на РСМ. На самото презентирање на истражувањето беа вклучени околу 40 млади, при што претставниците на Реактор имаа медиумска покриеност во дигиталните медиуми, но и во телевизиските известувања.

Во заедничка соработка и со финансиска поддршка од **УНИЦЕФ**, во текот на 2021 година Реактор ги презентираше резултатите од истражувањето (спроведено во 2020 година) наменето за добивање релевантни информации за формалното образование и **учењето на далечина во текот на пандемијата предизвикана од Ковид-19 и ефектите и задоволството од истото**. На финалниот настан за презентирање на овие податоци учество земаа релевантните чинители, вклучително и министерката за образование и наука и други високи претставници од меѓународни организации и национални тела и носители на одлуки. Податоците дополнително служеа за информирање на образовните политики во државата и дадоа значителен придонес во зацврстување на политичката рамка за развојот на образование. Учениците (млади) и нивните ставови беа застапени во ова истражување, а беа

опфатени и родителите, наставниците и директорите од основни и средни училишта во земјата.

Покрај овие активности, Реактор го номинираше својот член Блажен Малески на јавниот повик за **младински претставник во управниот одбор на Регионалната канцеларија за млади на западен Балкан (РИКО)**. Истиот беше избран од своите колеги од младинските форми на организирање во рамки на процесот спроведен од страна на Агенцијата за млади и спорт, со што во текот на април 2021 година го започна својот мандат како младински претставник во УО на РИКО. Ваквата функција, покрај претставувањето на младинските форми на организирање од Северна Македонија, претставува и значаен начин за дополнително вмрежување на Реактор во регионот во однос на младинската програма и можностите за регионална соработка за млади во регионот.

Како и во минатите години, Реактор го продолжи своето присуство во **Националниот младински совет на Македонија,** учествувајќи во редовните собранија на советот, но и во активностите наменети за креирање кохезија и приоретизирање на позицијата на младите во државата, а успешно ги поддржуваше и иницијативите од страна на НМСМ поврзани со различни релевантни случувања што ги засегаат младите.

Во рамки на останатите проекти кои, не нужно, вклучуваат и млади граѓани и граѓанки, Реактор се трудеше секаде да ја вклучи и **младинската перспектива во подготвените анализи и публикации, застапувања, консултации и настани**. Така на пример преку реализацијата на проектните активности во рамки на проектот „Со дијалог кон ЕУ", вклучивме 15 организации за млади и младински организации и 200 млади во рамки на истражувањето за граѓанско учество. Дополнително, во рамки на проектната активност за истражување на граѓанското учество во државата, ја вклучивме младинската перспектива и при анализата на податоците. Податоците за младите и граѓанското учество ни даваат значајна подлога за дополнителни трудови во текот на следните години и развивање на активности во таа насока, како и додефинирање на програмите и застапувачките политики на Реактор за темите поврзани со младите во земјата.

Во однос на соработката со државните институции, покрај состаноците во однос на препораките од истражувањето „Млади во криза 2.0", продолжи соработката и со **Клубот за младински прашања и политики во рамки на Собранието на Република Северна Македонија**. Тимот на Реактор присуствуваше на стратешкото планирање на клубот, при што беа презентирани активностите на Реактор, како и податоците релевантни за креирање на младински политики.

Покрај учеството и соработката со пратеничките и пратениците од Клубот за младински прашања и политики, тимот на Реактор во два наврати во текот на 2021 година беше поканет да учествува во **панел дискусии организирани од страна на Школата за политика на Претседателот на Република Северна Македонија**. Дискусиите се фокусираа на граѓанското учество, со посебен акцент на младинското учество. На настаните, претставникот на Реактор ги презентираше податоците добиени од истражувањата за граѓанско учество, но и секундарните податоци кои континуирано се собираат во текот на годината, а се однесуваат за позицијата на младите во државата.

**Reactor – Research in Action**
bul. Partizanski odredi 18/1-11
1000, Skopje
tel: 02 3245 536
e-mail: info@reactor.org.mk
web: www.reactor.org.mk

Покрај проектните активности, Реактор активно зема учество во голем број на конференции, панел дискусии и гостувања во медиумскиот простор на тема млади, пред се презентирајќи ги наодите од стекнатите сознанија и спроведените истражувања.

**Медиумски**, во 2021 година, Реактор даде свој придонес кон повеќе од 10 изјави за електронски медиуми/дебатни емисии кои се поврзани со теми што ги засегаат младите, а се во насока на младинската програма на организацијата. Заради влијанието на пандемијата со Ковид-19, најчесто овие изјави беа спроведени по телефон, а меѓу медиумите кои почесто се повикуваат на извори од Реактор може да ги издвоиме електронските медиуми Радио слободна Европа на македонски јазик и Радио МОФ. Во однос на гостувањата на дебатни емисии, најчести беа гостувањата во телевизија Телма и 24 Вести во рамки на нивните дебатни емисии. Притоа, најчести теми покриени во рамки на овие медиумски појавувања беа: младинскиот стандард, заминувањето на младите и причините за заминување, институционалната поставеност на државата во однос на младите, како и политиките за млади што ги презема државата.

## Унапредување на граѓанско општество

### ДИЈАЛОГ СО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ – ПЛАТФОРМА ЗА СТРУКТУРНО УЧЕСТВО ВО ЕУ ИНТЕГРАЦИИТЕ

**ДОНАТОР:** EUROPEAN COMMISSION

**ВРЕМЕТРАЕЊЕ:** АПРИЛ 2019 - МАРТ 2022

Учеството на граѓанското општество во формулирање и спроведување на јавните политики се смета за клучна карактеристика на политичкиот живот и демократските општества во светот. Токму затоа, главната цел на овој проект, спроведуван во партнерство со уште 3 организации, а под раководство на Фондацијата отворено општество, е да се овозможи значајно и структуирано учество на граѓанското општество, што ја вклучува перспективата на граѓаните, а со цел да се влијае на клучните секторски реформи во процесот на пристапување во ЕУ. Работата во рамки на секторските работни групи е една од клучните области на која се фокусира овој проект, чија главна цел беше да се воспостави платформа која го структурира вклучувањето на ГО во институционалните механизми за консултации преку структуирање на информациите и го олеснува нивното учество во процесите на донесување одлуки во врска со процесот на пристапување во ЕУ. Проектните активности во рамки на овој здружен потфат имаа за цел и да ги зајакнат секторските работни групи, Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанското општество и преговарачките тимови како институционални механизми за консултации меѓу граѓанското општество и владата, со цел да се овозможи ефективно влијание на граѓанското општество врз клучните секторски реформи во претпристапните процеси кон ЕУ, како и да се зголеми влијанието на граѓанското општество врз секторските политики преку обезбедување придонес базиран на докази за клучните секторски реформи во процесот на пристапување во ЕУ. Дел од тимот на Реактор

што работи на овој проект беше задолжен за следење на работата на неколку секторски работни групи и известување за истите согласно договорените излезни елементи, но и за дополнителна анализа и известување за родовата компонента во работата на сите 12 секторски работни групи, како и неколку последователни истражувања (една основна и две последователни студии) што се фокусираа на граѓанското учество и опфаќаа две различни целни групи – граѓанските организации, од една страна, и општата популација, односно граѓаните и граѓанките на Р.С. Македонија, од друга страна. Во текот на 2021 година, Реактор известуваше за првиот бран истражувања спроведен во текот на есента 2020 година и дополнително спроведе уште едно истражување за кое подготви втор интерим извештај што, како и првиот, требаше да биде презентиран пред пошироката јавност и засегнатите страни. Сите настани поврзани со овие истражувања се случија онлајн, со користење на платформата Зум. За повеќе информации околу активностите и излезните елементи од овој проект може да се погледант следните извори:

⇒ Граѓанското учество во Република Северна Македонија со дополнителен осврт на пандемијата со ковид – 19
⇒ www.dijalogkoneu.mk

### Урбан развој

Во текот на 2021 година, тимот на Реактор немаше дефинирани активности во оваа област бидејќи сите капацитети на тимот беа зафатени и насочени кон други програмски активности, а транзицијата што отпочна на почетокот на 2021 година дополнително влијаеше на одлуката да се стави оваа тема „во мирување". Во рамки на стратешките планирања и разговори беше одлучено во иднина повторно да се активира работата во оваа значајна област и да се размисли за можни извори на финансирање.

## ОРГАНИЗАЦИСКИ АКТИВНОСТИ

### Застапување

Исто како и претходните години и во 2021 година Реактор продолжи да служи како ресурсен центар за релевантни истражувања и анализи, кои беа континуирано користени и дистрибуирани до локални, национални и меѓународни засегнати страни во политичката и општествената сфера.

Нашиот пристап на застапување содржи две компоненти: 1) Онлајн пристап - лансирање на веб платформи и содржини на социјалните профили кои користат современа визуелизација и приказ на податоци 2) Офлајн пристап - континуирано продуцирање на истражувања и препораки, лобирање, консултативни средби, иницирање на дебати и дискусии. Освен што редовно продуцираме релевантни истражувачки продукти, се стремиме и кон креирање на едноставни веб простори за презентација на податоци, наоди и препораки.

## Организациски развој

Овде е важно да се напомене дека на почетокот на 2021 година организацијата отпочна еден подолгорочен процес на транзиција што влијаеше на севкупните програмски и организациски процеси, но тимот успешно успеа да се справи со сите предизвици и да продолжи непречено со работата на програмско ниво, со делумни успорувања на административно ниво во име на исполнување на зацртаните проектни цели и излезни резултати.

### МОНИТОРИНГ, ЕВАЛУАЦИЈА И УЧЕЊЕ

Согласно организациската стратегија за развој и стратешките определби на организацијата за континуирано подобрување и унапредување на работата и постигнувањата, во 2021 година беше одржана еднодневна стратешка работилница со целиот тим на Реактор, на која беше искористена и веќе подготвената стратешка рамка за мониторинг, евалуација и учење (од страна на надворешна експертка - Марина Шкрабало, од ГОНГ Хрватска, во 2016 година). Користејќи го овој стратешки документ како водилка, тимот на Реактор заеднички ги идентификуваше тековните состојби во однос на областите на делување како и теоријата на промени на организацијата и направи само-евалуација на истите со дополнителна дискусија за дефинирање на следните насоки, процеси и актери во однос на истражувачката и застапувачката работа на Реактор насочена кон постигнување позитивни општествени промени во областите на делување, како и утврдување на следни чекори за имплементација на тековните и идните активности и можни решенија за мониторинг и евалуација на организациско ниво (забелешка: на проектно ниво, Реактор редовно спроведува мониторинг и евалуација во рамки на договорените временски рамки и известувачки активности кон донаторите). Исто така беше утврдено дека во текот на 2022 година ќе треба да се обноват и основните стратешки документи на Реактор и да се усогласат внатрешните политики со тековните законски промени (како на пример оние поврзани со заштита на лични податоци и доверливост). А се потврди и планот за одржување на дводневен стратешки ритрит, што беше одложен поради пандемијата со Ковид-19 и пренасочен кон одржување пократки онлајн или физички состаноци со тимот во текот на оваа и претходната година.

Дополнително, челновите на тимот на Реактор имаа можност за внатрешно (hands-on) доусовршување на своите знаења и учење на нови преку споделба на знаење во рамки на тимот и тековна поддршка на новите членови на Реактор, а дел од тимот имаше можност да учествува и на надворешни обуки (во рамки на проектни активности или во согласност со организациските потреби), со можност за стекнување на дополнителни знаења или

дополнување на веќе стекнатите преку разновидни работни и тренинг сесии кои опфаќаа поширок спектар на теми, како, на пример, стандардни финансиско-административни процеси, статистичка обработка и работа со податоци, мониторинг и евалуација на програмскиот дел од работата, родово-засновано насилство и известување (ГРЕВИО), родово меинстримирање на политики, организациско и застапувачко оценување и проценка на организации, и т.н.

## Нов персонал

Во 2021 година на тимот на Реактор му се придружија три нови членки:

- ⇒ Ирина Јолевска – правен експерт со родова експертиза и практично адвокатско искуство, помлада истражувачка и главен правен аналитичар во тимот, која се фокусира на застапување и анализи поврзани со националните чинители и родовата перспектива во ЕУ процесите и секторските работни групи
- ⇒ Ана Азгур – Грант менаџерка на регионалниот ЕУ проект што го води Реактор, дополнително задолжена за процесите поврзани со човечки ресурси во организацијата, со план понатаму да се фокусира на истите.
- ⇒ Маја Тодоровска – финансиски и административен асистент, задолжена за компонентата со субгрантирање во рамки на регионалниот ЕУ проект што го води Реактор, но и за други сродни процеси во организациската работа на Реактор.

Дополнително, на почетокот на 2021 година, поради заминувањето на претседателката Марија Башевска во странство (декември 2020), оваа улога ја презема програмската координаторка Тања Иванова, која беше избрана за претседателка на организацијата на одржаното вонредно собрание на крајот на декември 2020 година.